Еден човек дојде кај Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, и рече: „Ес-Селаму алејкум.“ Тој му одговори на селамот, човекот седна, па Пратеникот рече: „Десет (награди).“

Имран бин Хусејн, Аллах нека е задоволен со него, пренесува: Еден човек дојде кај Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, и рече: „Ес-Селаму алејкум.“ Тој му одговори на селамот, човекот седна, па Пратеникот рече: „Десет (награди).“ Потоа дојде друг човек и рече: „Ес-Селаму алејкум ве рахметуллах.“ Пратеникот му возврати на селамот, и тој седна, па Пратеникот рече: „Дваесет (награди).“ Потоа дојде трет човек и рече: „Ес-Селаму алејкум ве рахметуллах ве берекатуху.“ Пратеникот му возврати на селамот, па и тој седна. Пратеникот рече: „Триесет (награди).“

[حسن] [رواه أبو داود والترمذي وأحمد والدارمي]

Еден човек дојде кај Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, и рече: „Ес-Селаму алејкум.“ – Тој му возврати на селамот, човекот седна, а Пратеникот рече: „Му се запишаа десет добри дела.“ Потоа дојде друг и рече: „Ес-Селаму алејкум ве рахметуллах.“ – Тој му возврати на селамот, човекот седна, а Пратеникот рече: „Му се запишаа дваесет добри дела.“ Потоа дојде трет и рече: „Ес-Селаму алејкум ве рахметуллах ве берекатуху.“ – Тој му возврати на селамот, човекот седна, а Пратеникот рече: „Му се запишаа триесет добри дела.“ Ова значи дека за секој збор од селамот има по десет добри дела.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3587